**Инфо билтен – јуни 2025 година**



## #Клима

Еко-свест учествуваше на првата младинска конференција за клима во нашата земја - LCOY Македонија 2025.

Преку партиципативен процес, развивме препораки за подобро комуницирање на климатските промени во Македонија со сите засегнати чинители. Преземете го документот.

Креиравме четири онлајн курсеви кои ќе ви помогнат да ги разберете клучните термини и концепти поврзани со климата, особено во македонскиот контекст. Курсевите се бесплатни и достапни на: www.eko.net.mk

## #Енергија

Еко-свест беше дел од панел-работилницата „Работникот во фокусот на праведната транзиција" што се одржа во Битола на 20 јуни 2025 година, организирана од МКЦ Битола во соработка со Локалниот економско-социјален совет на општина Битола (ЛЕСС), Еко-свест и Универзитетот од Манчестер преку проектот GENERATE.

Започнете со производство на сопствена одржлива електрична енергија преку концептот на просумерство – сите потребни информации и ресурси се достапни на prosumer.mk.

Sweden Sverige

**#Заштита на води**

Заедно со граѓаните, континуирано бараме крај на уништувањето на нашите реки под маската на одржливи инвестиции. Заштитата на природата е наша заедничка одговорност!

**#Заштита на природа**

Граѓанските организации бараат итна акција за повторно прогласување и заштита на Националниот парк Маврово. Над 15 граѓански организации и иницијативи заедно поднесоа формална претставка до македонската Влада, барајќи итна акција за репрогласување и заштита на Националниот парк Маврово согласно законските одредби.

Вело турата „Вевчанска Голина – Локва 2025" на 6 јули, во организација на Еко-свест Вевчани и Рупикапра МТБ Струга. Настанот е посветен на љубителите на планинскиот велосипедизам и претставува одлична можност за уживање во природата и активен одмор. Повеќе инфо за настанот: Вело тура

**#Активни граѓани**

Светскиот ден за заштита на животната средина го одбележавме со работилница за компостирање заедно со средношколците од ПСУ Алгоритам - Скопје.

Еко-свест и Европската куќа од Струга организираа обука за превенција и спречување на шумски пожари, наменета за граѓани и активисти кои сакаат да стекнат практични знаења за справување со шумски пожари и заштита на природата, особено во планинските подрачја.

**#Публикации**

Бриф за политики: Комуницирање на климатските промени со сите засегнати страни во Македонија.

Методологија за пост-законодавен надзор на законодавството за заштита на животната средина и климата во Македонија.

Стрип ТИМ-ЕКО - Токсичен Шок!

**#Медиуми**

Малку труд, голема промена - три видеа што ќе ве инспирираат да живеете во склад со природата (racin.mk)

Органска паста за чистење од оризова лушпа (иновативност.мк)

Забелешка: Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Sweden
Sverige